Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работни односи пречистен текст (Службен весник на РМ број 167/2015) и Закон за измена и дополнување на ЗРО (Службен весник број 27/2016, 120/2018) и (Службен весник на РСМ број 110/2019 и 267/2020), потоа согласно одредбите од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на ЖРСМ Транспорт АД-Скопје (Второ изменето и дополнето издание) број 902/1-11 од 11.05.2021 година, член 3 став 1, член 4, член 5, член 6 и член 26 став 1 од Колективниот Договор на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје, Известување на Министерство за финансии бр. 18-3595/2 од 06.05.2021 година и **Одлука број 1365/1 од 09.07.2021 година**, ЖРСМ Транспорт АД Скопје, го објавува следниот

**Ј А В Е Н   О Г Л А С**

За потреба од засновање на работен однос со 38 (триесет и осум) работника за извршување на работи на неопределено време, во ЖРСМ Транспорт АД - Скопје.

Кандидатите, покрај општите услови утврдени со закон, треба да ги исполнуваат посебните услови утврдени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работни места на ЖРСМ Транспорт АД-Скопје за пополнување на следните работни места:

**1.** 1 (еден) извршител на работно место 6.7.5. Систем инженер-Приправник во Одделение за хардвер, системски софтвер и мрежи во Сектор за информатички технологии, Висока, минимум 180 ЕКТС, насока Компјутерски науки, ЕТФ, ПМФ - Математика, без работно искуство за кое работно место приправничка нето плата изнесува 17.361,00 денари.

**2.** 1 (еден) извршител на работно место 6.10.14. Благајник на билети-Приправник, во РЕ Скопје, во Подружница за патнички сообраќај, ССС, IV степен, насока Сообраќајна, Општа, без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 13.059,00 денари.

**3.** 5 (пет) извршители на работно место 6.10.17. Кондуктер-Приправник, во РЕ Скопје, во Подружница за патнички сообраќај, КВ/ССС, III/IV степен, насока Сообраќајна, Општа, да ги исполнува потребните здравствени услови за железнички работник утврдени во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за утврдување на физичката и психолошката способност, начинот на нивното утврдување, проверките и роковите за редовен и вонреден здравствен преглед на другите железнички работници (Сл.весник на РМ бр.136/13), без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 13.059,00 денари.

**4.** 2 (два) извршители на работно место 6.10.9. Маневрист-Приправник, во РЕ Скопје, во Подружница за патнички сообраќај, КВ, III степен, насока Сообраќајна, Општа, да ги исполнува потребните здравствени услови за железнички работник утврдени во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за утврдување на физичката и психолошката способност, начинот на нивното утврдување, проверките и роковите за редовен и вонреден здравствен преглед на другите железнички работници (Сл.весник на РМ бр.136/13), без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 13.841,00 денари.

**5.** 2 (два) извршители на работно место 3.6.8. Маневрист-Приправник, во РЕ Трубарево, во Подружница за товарен сообраќај, КВ, III степен, насока Сообраќајна, Општа, да ги исполнува потребните здравствени услови за железнички работник утврдени во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за утврдување на физичката и психолошката способност, начинот на нивното утврдување, проверките и роковите за редовен и вонреден здравствен преглед на другите железнички работници (Сл.весник на РМ бр.136/13), без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 13.841,00 денари.

**6.** 1 (еден) извршител на работно место 6.10.7. Ракувач на маневра-Приправник, во РЕ Скопје, во Подружница за патнички сообраќај, КВ, III степен, насока Сообраќајна, Општа, да ги исполнува потребните здравствени услови за железнички работник утврдени во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за утврдување на физичката и психолошката способност, начинот на нивното утврдување, проверките и роковите за редовен и вонреден здравствен преглед на другите железнички работници (Сл.весник на РМ бр.136/13), без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 14.232,00 денари.

**7.** 1 (еден) извршител на работно место 3.9.5. Ракувач на маневра-Приправник, во РЕ Табановци, во Подружница за товарен сообраќај, КВ, III степен, насока Сообраќајна, Општа, да ги исполнува потребните здравствени услови за железнички работник утврдени во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за утврдување на физичката и психолошката способност, начинот на нивното утврдување, проверките и роковите за редовен и вонреден здравствен преглед на другите железнички работници (Сл.весник на РМ бр.136/13), без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 14.232,00 денари.

**8.** 2 (два) извршители на работно место 7.26.5. Механичар II група-Приправник, во Одделение за дизел мотори, во РЕ Одржување, во Подружница за влеча на возови, КВ/ССС, III/IV степен, насока Машинска, без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 13.841,00 денари.

**9.** 2 (два) извршители на работно место 7.44.7. Машинобравар-Приправник во Одделение за одржување на товарни вагони во РЕ Техничко колска дејност – ТКД, во Подружница за влеча на возови, КВ/ССС, III/IV степен, насока Машинска, без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 15.014,00 денари.

**10.** 2 (два) извршители на работно место 7.27.4. Машинобравар II група-Приправник, во Одделение за воздушни уреди и кочници, во РЕ Одржување, во Подружница за влеча на возови, КВ/ССС, III/IV степен, насока Машинска, без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 13.841,00 денари.

**11.** 1 (еден) извршител на работно место 7.28.4. Машинобравар II група-Приправник, во Одделение за преносници и долен строј, во РЕ Одржување, во Подружница за влеча на возови, КВ/ССС, III/IV степен, насока Машинска, без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 13.841,00 денари.

**12.** 1 (еден) извршител на работно место 7.9.3. Машински инженер технолог-Приправник, во Одделение за техничка подготовка и развој, во РЕ Техничко комерцијална подготвка – ТКП, во Подружница за влеча на возови, Висока/Виша, минимум 120 ЕКТС, насока Машинска, без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 17.752,00 денари.

**13.** 1 (еден) извршител на работно место 7.44.9. Столар-Приправник, во Одделение за одржување на товарни вагони во РЕ Техничко колска дејност – ТКД, во Подружница за влеча на возови, КВ/ССС, III/IV степен, насока Дрвна, без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 14.623,00 денари.

**14.** 1 (еден) извршител на работно место 7.35.4. Шнајдер-Приправник, во Одделение за боење и оплата, во РЕ Одржување, во Подружница за влеча на возови, КВ Шнајдер, III степен, насока Конфекционер од Текстилна струка, без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 15.014,00 денари.

**15.** 1 (еден) извршител на работно место 7.13.11. Оперативен техничар-Приправник во Испостава Лисиче, во РЕ Влеча, во Подружница за влеча на возови, КВ/ССС, III/IV степен, насока Техничка, Општа, без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 14.232,00 денари.

**16.** 1 (еден) извршител на работно место 7.23.9. Оперативен техничар-Приправник, во Заеднички служби, во РЕ Одржување, во Подружница за влеча на возови, КВ/ССС, III/IV степен, насока Машинска, Електро, без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 14.623,00 денари.
**17.** 1 (еден) извршител на работно место 7.44.11. Оперативен техничар-Приправник, во Одделение за одржување на товарни вагони, во РЕ Техничко колска дејност – ТКД, во Подружница за влеча на возови, КВ/ССС, III/IV степен, насока Машинска, Електро, без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 14.232,00 денари.
**18.** 3 (три) извршители на работно место 7.44.5. Заварувач-Приправник, во Одделение за одржување на товарни вагони, во РЕ Техничко колска дејност – ТКД, во Подружница за влеча на возови, КВ/ССС, III/IV степен, насока Машинска, Општа, Со сертификат за заварувач, без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 15.210,00 денари.
**19.** 1 (еден) извршител на работно место 7.43.3. Заварувач-Приправник, во Одделение за одржување на патнички вагони, во РЕ Техничко колска дејност – ТКД, во Подружница за влеча на возови, КВ/ССС, III/IV степен, насока Машинска, Општа, Со сертификат за заварувач, без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 15.210,00 денари.
**20.** 1 (еден) извршител на работно место 7.24.3. Заварувач-Приправник, во Отсек за лесна обработка во Одделение за механичка обработка, во РЕ Одржување, во Подружница за влеча на возови, КВ/ССС, III/IV степен, насока Машинска, Општа, Со сертификат за заварувач, без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 15.210,00 денари.
**21.** 1 (еден) извршител на работно место 7.31.4. Електромеханичар II група-Приправник, во Одделение за големи електрични машини, во РЕ Одржување, во Подружница за влеча на возови, КВ/ССС, III/IV степен, насока Електро, без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 13.841,00 денари.
**22.** 1 (еден) извршител на работно место 7.30.4. Електромеханичар II група-Приправник, во Одделение за електро уреди и инсталации на дизел локомотиви, во РЕ Одржување, во Подружница за влеча на возови, КВ/ССС, III/IV степен, насока Електро, без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 13.841,00 денари.
**23.** 2 (два) извршители на работно место 7.32.4. Електромеханичар II група-Приправник, во Одделение за електро локомотиви, во РЕ Одржување во Подружница за влеча на возови, КВ/ССС, III/IV степен, насока Електро, без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 13.841,00 денари.
**24.** 1 (еден) извршител на работно место 2.4.3. Самостоен референт - преведувач за односи со јавност (Овластен судски преведувач и толкувач од албански на македонски и обратно)-Приправник, во Отсек за односи со јавност и печатарство, во Одделение за правни работи, Висока, минимум 180 ЕКТС, насока Филолошки, Општа, Со решение од Министерство за правда на РСМ за овластен судски преведувач од албански на македонски и обратно за подрачјето на било кој суд во РСМ, без работно искуство, за кое работно место приправничка нето плата изнесува 18.534,00 денари.
**25.** 1 (еден) извршител на работно место 5.5.3. Самостоен референт за ДДВ во Отсек за платен промет и пресметка во Одделение за финансиски работи, Висока, минимум 240 ЕКТС, насока Економска, потребно работно искуство од 2 години за кое работно место нето плата изнесува 20.294,00 денари.
**26.** 1 (еден) извршител на работно место 6.11.11. Домаќин на одмаралиште во РЕ Ѓорче Петров, во Подружница за патнички сообраќај, НКВ/ССС, I/II/III/IV степен, насока Општа, без работно искуство, за кое работно место нето плата изнесува 15.161,00 денари.

Кандидатите со пријавата во која се наведува исклучиво едно работно место за кое се аплицира, да ги достават и потребните документи во зависност од наведените услови за конкретното работно место за кое аплицираат и тоа:

- Пополнет ОБРАЗЕЦ- ПРИЈАВА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ кој е своерачно потпишан од Кандидатот. (Важна напомена: Со еден пополнет и потпишан образец - Пријава за вработување, кандидатот може да аплицира само за едно работно место од огласот).

Образецот –Пријавата за вработување е објавена на веб страната на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје која гласи: www.mzt.mk

- Кратка биографија (CV) на македонски јазик или албански јазик;
- Доказ за завршено образование (во оригинал или копија заверена кај нотар);
- Уверение за државјанство (копија);
- Фотокопија од важечка лична карта на Кандидатот;
- За работно место под бр. 18, 19 и 20 – Заварувач - приправник, сертификат за заварувач (во оргинал или копија заверена кај нотар);
- За работно место под бр. 24 – Самостоен референт – преведувач за односи со јавност (Овластен судски преведувач и толкувач од албански на македонски и обратно) - приправник, решение од Министерство за правда на РСМ за поставување на овластен судски преведувач од албански на македонски и обратно за подрачјето на било кој суд во РСМ (во оргинал или копија заверена кај нотар);

**ЗА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО КОИ Е НАВЕДЕНО ДЕКА СЕ БАРА РАБОТНО ИСКУСТВО:**

- Доказ за работно искуство, со наведување на работното искуство и времетраење на тоа искуство, издаден од компанија/институција/орган, со која се докажува дека лицето (кандидатот) со конкретен степен на стручна подготовка има стекнато работно искуство, вештина или слично (во оргинал или копија заверена кај нотар) или Листа од ПИОМ (за работните места во кои е наведено дека се бара работно искуство).

Огласот трае 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето (не сметајќи го денот на објавувањето) и погоре наведените документи со пријавата за пријавување можат да се достават во просториите на ЖРСМ Транспорт АД Скопје на булевар 3-та Македонска Бригада, број 66, Скопје и тоа во деновите 13.07.2021, 14.07.2021, 15.07.2021, 16.07.2021 и 19.07.2021 година од 08:00 до 14:00 часот.

Изборот на пријавените кандидати ќе се изврши во рок од 45/90/120 дена по истекот на рокот за пријавувањето во зависност од бројот на пријавените кандидати.

Работниот однос се заснова на неопределено време.

Работната недела трае 5 работни дена, полното работно време изнесува 40 часа неделно. Работното време на работните места под бр. 1, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25 и 26 е 8 (осум) работни часа дневно, почетокот и завршетокот на дневното работно време е од 7.30 часот до 15.30, со право на пауза во текот на дневната работа во траење од 30 минути, во периодот од 10.30 часот до 11.00 часот.

За работните места под бр. 2, 3, 4, 5, 6 и 7 работното време ќе биде определено со турнус.

За работните места под бр. 3, 4, 5, 6 и 7 , пред склучувањето на Договорот за вработување, кандидатот задолжително ќе биде упатен на здравствен преглед и од резултатите на истиот, ќе зависи склучувањето на Договорот.

Кандидатите се должни образецот – ПРИЈАВА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, објавен на веб страната на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје да ја потполнат во целост, прецизно и со точни податоци.

Ненавремено доставените, како и некомплетните пријави, нема да се земат во предвид при разгледувањето.

Рокот за доставување на пријавите и документите на заинтересираните кандидати изнесува 5 (пет) работни дена, сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на огласот (не сметајќи го денот на објавувањето).
Сите апликации ќе бидат обработени со максимална доверливост.

За извршениот избор од пријавените кандидатите ќе бидат известени неизбраните кандидати во рок од 5 (пет) работни дена од денот на склучувањето на договорот за вработување со избраниот кандидат.
Потребните документи исто така можат да се доставаат со препорачана пошта на адресата на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје на булевар 3-та Македонска Бригада, број 66, Скопје со назнака за јавен оглас за вработување.

**Број: 1367/1**
**09.07.2021 година**
**Скопје** **ЖРСМ Транспорт АД - Скопје**